Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 27, 17 септември 2009 година

септември 2009 година
Штип

СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звање насловен доцент за наставно-научното подрачје правни науки на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на доцент за наставно-научната област турски јазик на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 9

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање - помлад асистент по применета лингвистика во англискиот јазик на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 17

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Технологија на послужувањето“ од д-р Нако Ташков, професор на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 21

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – ПОМЛАД АСИСТЕНТ ПО ПРИМЕНЕТА ЛИНГВИСТИКА ВО АНГЛИСКИОТ ЈАЗИК НА ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Согласно со Законот за високото образование на РМ („Сл. весник на РМ“ бр. 64/2000), како и указот за прогласување на Законот за изменување и дополнување на Законот за високото образование, од 1.8.2008 година, за избор во наставно-стручни и соработнички звања, Правилникот за единствените критериуми и постапката за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“, „Универзитетски гласник“ број 10, од јули 2009 г. и Статутот на Универзитетот „Гоце Делчев“, Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет на седницата одржана на 10.8.2009 година, со Одлука бр. 2402-101/16, избра Рецензентска комисија во состав:

1. проф. д-р Зозе Мургоски, редовен професор на Филолошки факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (претседател),
2. проф. д-р Марија Јанева, редовен професор на Филолошки факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (член),
3. проф. д-р Виолета Димова, вонреден професор на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип (член)

за избор на соработник во соработничко звање **помлад асистент по применета лингвистика во англискиот јазик** на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Рецензентската комисија го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Во врска со Конкурсот, објавен во весникот „Нова Македонија“ на 8.5.2009 година за избор на соработник во соработничко звање – помлад асистент по применета лингвистика во англискиот јазик на Филолошкиот факултет се пријави само м-р Татјана Уланска, кореспондент на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Татјана Уланска** е родена на 26 јуни 1979 година во Штип, Р. Македонија. Основно и средно образование (гимназија – природно-математичка насока) завршува во родното место. Во текот на средното образование посетува настава по англиски јазик “Upper Intermediate level course” - St. Joseph’s Hall, Оксфорд, Англија. На Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Катедра по англиски јазик и книжевност, се запишува во 1998 година, а дипломира во 2004 година. Во текот на студирањето посетува курс “Proficiency level course” Kingston College во Лондон, Англија.

Своето понатамошно усовршување го продолжува на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Неофит Рилски“, Р. Бугарија, на постдипломско ниво во учебната 2005/06 година. По положувањето на сите испити, предвидени со програмата за постдипломски студии, магистерскиот труд со наслов *„Анализа на грешките кај македонските ученици при користењето на англискиот јазик“* успешно го одбранува во 2009 година и се стекнува со академски степен **магистер по англиска филологија.**

Во 2004 година работи како професор по англиски јазик во Центарот за странски јазици „Ексико“ во Скопје.

Во периодот од 2004 до 2007 година работи како професор по англиски јазик во СОУ „Димитар Мирасчиев“ во Штип.

Во 2007 година работи како професор по англиски јазик во СОУ „Јане Сандански“ во Штип.

Во периодот од 2007 до 2008 година работи како професор по англиски јазик во ОУ „Димитар Влахов“ во Штип.

Од почетокот на 2008 година работи на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, како кореспондент. Во вториот семестар од учебната 2008/09 го предава предметот Лекторски вежби по англиски јазик на групата Англиски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет и вежби по Англиски како странски јазик на групата Германски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет.

Во текот на својата работа на Универзитетот „Гоце Делчев“ има учествувано на еден меѓународен симпозиум од областа на технологијата, информатиката и образованието.

**Стручна и наставно-научна активност**

М-р Татјана Уланска има учествувано со свој труд на еден меѓународен симпозиум во Р. Србија од областа на технологијата, информатиката и образованието.

**Учество на семинари**

- Август 2006 година, Штип, *„Интегрирање на ИКТ во наставата“* во организација на USAID's e-school project, Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието.
- Јануари 2007 година, Штип, учество во проектот *„Активности во средното образование - Учење преку училница/заедница/проекти/работа за интерактивна наставна методологија“* во организација на USAID и Министерството за образование и наука.
- Јули 2009 година, Штип, *„Учење со технологија“* во соработка со Фулбрајт програмата.

**Учество на симпозиуми, конгреси и конференции**

Од 19 до 20 јуни 2009 г., V. Меѓународен симпозиум „Технологија, информатика и образование“, Факултет за технички науки, Универзитет во Нови Сад, Нови Сад, Р.Србија.

**Работа на проекти**

Во 2009 г. *„Е-учење и користење на ИКТ алатки во наставата“* – Fulbright Specialist Program (учесник).

**Објавени трудови**

Список на научни и стручни трудови:

**1. Гогова Т**., (2005/6) *„Даниел Дефо, Робинзон Крусо како алегорична историја; Едгар Алан По, Способноста на Дефо за идентификација; Џејмс Џојс, Даниел Дефо; Чарлс Дикенс, Потреба на емоции кај Дефо".* Списание за теорија и практика „Воспитание", Педагошки факултет – Штип, Универзитет „Св. Кирил и Методи" - Скопје: год. 4, број 6-7: pp 151-155.

**2. Ulanska T**., Prodanovska V. (2009): "Application of Information-Communication Technology in the Educational Institutions in Macedonia". V Medunarodni simpozijum "Tehnologija, informatika i obrazovanje za drustvo ucenja i znanja", Novi Sad, 19.6. - 20.6.2009: Zbornik Rezimei: pp 88.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на приложената работната биографија, искуството во наставната и научноистражувачката работа стекнато за време на нејзиното работење како наставник во основни и средни училишта и, од оваа учебна 2008/2009 година, на Филолошкиот факултет и на планот на стручното педагошко усовршување, совесното и одговорното исполнување на работните обврски, како и способноста за активно работење и креативност, Комисијата со задоволство му препорачува на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, кандидатката м-р Татјана Уланска да биде избрана во звање **помлад асистент по применета лингвистика во англискиот јазик.**

Врз основа на приложената документација констатиравме дека се работи за кандидатка која сосема ги исполнува критериумите за помлад асистент.

**Рецензентска комисија**

**Д-р Зозе Мургоски, претседател, редовен професор, с.р.**
**Д-р Марија Јанева, член, редовен професор, с.р.**
**Д-р Виолета Димова, член, вонреден професор, с.р.**

**Т а б е л а**
**за вреднување на активностите на м-р Татјана Уланска, според критериумите дадени со Правилникот за избор на наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип**

| Вид на активност | Број | Поени | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна дејност (НО)** | | | |
| Вежби (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период) (8+4+4) x 0.2=3.2 | 16 | 0,2 | 3.2 |
| | | | **3,2** |
| | | | |
| **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности (НИ)** | | | |
| Учесник во научен проект | 1 | 3 | 3 |
| | | | **3** |
| | | | |
| **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност (САОР)** | | | |
| Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир | 1 | 2/3 | 3 |
| Учество на стручен собир со реферат (постер/усно) | 1 | 0,5/1 | 1 |
| | | | **4** |
| | | | |
| **ВКУПНО ПОЕНИ (НО+НИ+САОР)** | | | **10.2** |